# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАЦИОНАЛНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ

2023 година

Автори на годишниот извештај: Жарко Јевтиќ
Ко – автори: Билјана Петровска – Митревска и Стеван Орозовиќ
Техничка поддршка: Виданка Мартиновска

## СОДРЖИНА

За Националната федерација на фармери (НФФ) ....2
ВИЗИЈА ....4
МИСИЈА ....4
ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ ....8
- ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ (ГС) ....8
- УПРАВЕН ОДБОР (УО) ....9
- ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА ....10

ЧЛЕНСТВО ....10
АКТИВНОСТИ , ПРОЕКТИ И ЛОБИРАЊЕ ....11
Проект „Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија “ (Core Support) ....13
Проект „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите фармери и производители од руралните области со цел зголемен приход“ ....15
Проект „ Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*“ ....21
Проект „Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг “....22
ДРУГИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ....24
МЕДИУМИ ....26
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ....27

## За Националната федерација на фармери (НФФ)

И 2023 година беше година на предизвици во земјоделството и руралниот развој.

Она што може да се дефинира како значајни проблеми и предизвици во делот на пласманот на земјоделството се следните : Ниски откупни цени, неорганизираност кај самите земјоделци, нелојална конкуренција која го има монополот на пазарот за откуп, непостоење на договорно производство, недостаток на едукација и инвестирање во нови технологии од страна на земјоделците, недостаток на едукација за претприемништво и непостоење на фунционални форми на еконосмко здружување на земјоделците.

Голем проблем за нас земјоделците е миграцијата и непостоење на интерес на младите да се занимаваат со земјоделство. Загрижувачки е податокот дека миграцијата на граѓаните од руралните средини кон градовите и европски држави достигна 50% високо ниво и овој тренд е најзабележителен кај младите и жените од руралните средини. Малите и економски слаби рурални општини имаат значителни проблеми за одржување на квалитетот и пристапот до основните услуги како што се здравствените, образовните и социјалните услуги, особено за населените места со помал број жители, што резултира со поголемо незадоволство од квалитетот на животот кај руралното население во однос на она кое живее во урбаните средини.

Еден од најголемите проблеми во земјоделскиот сектор во земјата е стареењето на работната сила и немање на работници. Мораме да истакнеме дека во сите земјоделски сектори имаме недостаток на работна сила и во најголем процент во земјоделскиот сектор се останати работници на возраст од 50 години.

Во насока на развој на земјоделството и решавање на предизвиците Националната федерација на фармери продолжи со своите активности.

НФФ продолжи со имплементација на проектот МСД (Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите земјоделци и производители од рурални области со цел зголемен приход), кој е поддржан од We Effect и Шведска и се фокусира на основните проблеми со цел да се подобри приходот и квалитетот на животот во руралните заедници и земјоделците преку системски решенија.

Понатаму, НФФ продолжи со имплементацијата на проектот "Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија " или основната поддршка е долгорочна врска помеѓу We Effect и НФФ која се карактеризира со партнерство со висок степен на доверба, континуиран дијалог за стратешки развој, морална и техничка поддршка. Финансирањето се дава за поддршка на севкупниот стратешки план и буџет на НФФ, вклучувајќи ги и нејзините административни трошоци. Тоа е придонес кон сопствената стратегија и целокупната работа на НФФ.

Во текот на 2023, НФФ го имплементираше проектот „Поддршка на пазарните врски за руралното население со акцент на лицата со попречености, руралните жени и другите ранливи категори поддржан“ поддржан во рамките на проект „Поддршка на економската диверзификација на руралните области во Југоисточна Европа“ (SEDRA II), поддржан од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH. Целта на проектот е да овозможи создавање на пазарни релации на руралното население, каде што ќе бидат вклучени и лицата со посебни потреби, жените и младите од руралните средини и другите ранливи групи, со цел да им се обезбедат можности за создавање нови или дополнителни работни места, како и можности за зголемување на нивните приходи. Овие активности се продолжение на проектот „From Disability to FoodAbility” кој НФФ го имплементираше 2019-2022 со подршка на We Effect и Radiohjalpen и беше фокусиран на лицата со попречености од 17 општини со основна цел подобрување на условите за живот преку обезбеденост со храна и подобра инклузија на локално и национално ниво.

Во 2023 НФФ започна со имплементација на проектот “Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*“ кој е поддржан од регионалните проекти „Социјално вклучување на ранливи групи во Западен Балкан“ и „Поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја во Југоисточна Европа“ спроведени од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). Една од целите на проектот е да допринесе  за подобрување на социоекономскиот статус на руралните жени во Северна Македонија, преку ProfillPASS методологија преку која се идентификуваат вештините и компетенциите во насока на нивна интеграција на пазарот на трудот.

Во текот на 2023 година, НФФ започна со успешната имплементација на проектот "Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг". Овој проект беше поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).Главната цел на овој проект е да се постави моделот на "Едно село - Еден производ" во селото Тимјаник во Неготино со акцент на промоцијата на маџунот. Идејата зад оваа цел беше да се промовираат принципите и стратегијата на OVOP (Едно село - Еден производ) преку претставување на локален производ, специфично маџунот, како пример. Оваа иновативна методологија беше воведена преку акциски план разработен од учесник од НФФ, кој имаше обука од JICA за воспоставување на оваа методологија во руралните заедници на Република Северна Македонија.

НФФ во делот на своето дејствување во 2023 година издаде 3 броја на единственото списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја“ и 2 броја на регионалното on line списание на албански јазик “Toka Ime”. Посебен осврт се даде на функционирањето и економско јакнење на малите оператори за храната така што НФФ ги промовираше правилниците и државните програми за поддршка на малите оператори за храна, така што активно учествуваше на саемски манифестации и 4 саемски манифестации НФФ организира наменети за малите оператори за храна, руралните жени и младите земјоделци. Во делот на лобирањето и застапувањето НФФ активно беше вклучена во донесувањето на новата стратегија за лозарство и винасртво, Законот за советодавни услоги, Законот за вино и

понатаму продолжи да ја фасилитира кординативната група во која учествуваат сите засегнати институции во насока на изнаоѓање на системско решение за породилно и боледување на регистрираните индивидуални земјоделки и земјоделци.

Посебен белег на организацијата е тоа што е сите активности и лобирања на НФФ се родово сензитивни, ја промовираат родовата еднаквост и се во согласност со „родовата еднаквост"- една од шесте главни компоненти во Стратегијата на НФФ за периодот 2019-2023 година; НФФ ја имплементира родовата политика на организацијата, која има за цел да воспостави јасна рамка за идентификување, спроведување и координација на интервенциите на НФФ дизајнирани да постигнат родова еднаквост и капацитет за јачина на руралните жени. Како резултат на интензивната работа на НФФ поддржана од We Effect, направени се промени во политиките на национално ниво во насока на креирање ефективни мерки за поддршка на руралните жени со посебен осврт на жените фармери.

Националната федерација на фармери со сите членови, Генералното собрание, Управниот одбор и извршната канцеларија ќе продолжи со своите активности под единствениот слоган

**ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ!**

## ВИЗИЈА

НФФ, како идеална, јасна, сакана и предвидлива слика за иднината ја има следнава визија, сумирана во краткиот слоган: **„ПРОФИТАБИЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО – СТАБИЛНО СЕЛО".**

## МИСИЈА

НФФ преку здружување, организација, соодветна едукација на земјоделците и други фактори кои влијаат врз развојот на македонското земјоделство, ја дефинира својата мисија која гласи:

**„ОРГАНИЗИРАН ФАРМЕР ЛИДЕР ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА".**




## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НФФ

### ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НФФ ВО 2019




Васка Мојсовска, Претседателка на НФФ




Мемет Синани




Стеванче Јорданоски




Фросина Ѓоргиевска




Ванчо Кировски




Иван Вангелов



Васил Коцевски




Вангелина Пармачка




Стеван Орозовиќ, Извршен Директор на НФФ



**Генерално Собрание на НФФ**

Светлана Трифуновска  претседавач на собранието

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Организациската поставеност на НФФ ги опфаќа следниве тела:

- **ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ (ГС)**
  Генералното собрание на НФФ е највисок орган составен од редовни членови на НФФ кое се одржува еднаш годишно.

  Во текот на оваа година, НФФ го организираше **годишното Генерално собрание на НФФ на 24.04.2023 година** во амфитеатарот на Факултетот за земјоделски науки и храна. Со годишното собрание претседаваше Светлана Трифуновска, Заменик претседавач на собранието.

  За време на свечениот дел на Собранието, Националната федерација на фармери додели четири благодарници. Имено, благодарниците беа доделени на:

    - Љупчо Николовски, министер за земјодлество, шумарство и водостопанство за воспоставување на партнерски однос помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Националната федерација на фармери и заедничка соработка во насока на креирање на мерки за економско јакнење на земјоделците, малите оператори за храна со посебна заложба на младите и жените од руралните средини
    - Јована Тренчевска, министерка за труд и социјална политика за нејзината упешна соработка со Националната федерација на фармери во насока на подобрување на економската и социјална положба на жените од руралните средини.

- Анели Лејна, регионална директорка на Шведската организација за развој We Effect за извонредна соработка и поддршка во јакнењето на гласот на малите земјоделци и нивното економско јакнење.
- Филозофскиот факултет при универзитетот „Свети Кирил и Методиј“во Скопје за релизираната заедничка соработка во насока на јакнење на гласот на најмаргинализираните групи во руралните средини, а тоа се лицата со попречености.

На свечениот дел се обратија претседателката на НФФ, Васка Мојсовска, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска и регионалната директорка на We Effect за регионот Европа, Анели Леина. На настанот беше презентиран видео запис за активностите на Националната федерација на фармери за 2022 година. Во работниот дел на Генералното собрание донесена е одлука за започнување на процесот за подготовка на новата стратегија на НФФ 2024-2027 која ќе биде насочено кон економко јакнење на земјоделците со посебен фокус на равизвање на модел за одржливо земјоделството. Усвоени се финансиските и наративни извештаи за 2022 година и буџетот и програмата за 2023 година.

- **УПРАВЕН ОДБОР (УО)**

УО се состои од 9 члена што се избираат на изборна седница со мандат од 4 години. Управниот одбор од својот состав бира претседател на Националната федерација на фармерите на РМ, кој е и претседател на УО. Во составот на Управниот одбор се отсликува демографскиот состав на здружението, особено етничката, родовата и младинската застапеност.

УПРАВНИОТ ОДБОР Е СОСТАВЕН ОД

- претставник на мрежа на жени;
- претставник на мрежа на млади;
- претставник на земјоделски задруги;
- претставник на фокус-групи;
- претставник на малите земјоделци;
- претставник на малите земјоделци;
- претставник на земјоделски здруженија;
- претставник на земјоделски здруженија;
- извршен директор по функција.

**Во текот на 2023 година УО на НФФ одржа 4 седници:**

- **03.04.2023 година** – на која се разговараше за тековните активности на НФФ, како и стратешките определби за дејствување на организацијата во насока на развој на земјоделството и руралните подрачја.
- **10.04.2021 година** – Националната федерација на фармери одржа состанок на УО на НФФ на која што се усвојуваше делегатската листа и прием на редовни членови на НФФ. На состанокот присуствуваше и претседавачка на Генералното собрание на НФФ, Светлана Трифуновска со која се дефинира агендата за работниот дел на собранието.
- **21.09.2023 година** – НФФ ја одржа третата седница на Управниот одбор на која се работеше на стратешките цели на новата стратегија на НФФ за периодот 2023-2027. Исто така се разговараше и за економско јакнење на малите оператори на храна, справување климатските промени, проблемите со откупот, потребата за законски промени за либерализација на пазарот на труд итн
- **18.12.2023 година** – НФФ го одржа последниот состанок на Управниот одбор на НФФ на кој се разговараше за предизвици и проблемите во земјоделството и во таа насока и оддржа и прес конференција. Дискусиите се однесуваа на активностите спроведени во 2023 година и ги истакнаа клучните области на кои треба да се работи во 2024 година. Членовите на УО ја истакнаа потребата НФФ повеќе да се фокусираат на економските форми на здружување, како што се групите производители. На овој Управен одбор е усвоена НФФ стратегијата за 2024-2027 во која се дефинира стратешките определби и активности за наредните пет години.

- **ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА**

Во извршната канцеларија на НФФ работат:

- извршен директор, кој воедно е член на УО на НФФ,
- проект-менаџер,
- административен и финансиски координатор,
- проект кординатор
- административен асистент
- ко-фасилитатор

## ЧЛЕНСТВО

Националната федерација на фармери работи со визија за профитабилно земјоделство кое ќе овозможи стабилни села во земјата. Со мисија за обединување на земјоделците како движечки фактор на развојот во земјоделството, организацијата постои долги години со

**голем број членови** (локални здруженија, земјоделски задруги, групи производители, индивидуални земјоделци, мали земјоделски претпријатија).

Здружението има **придружни и редовни членови.**

**Придружен член** е секој член што платил членарина и што пројавува интерес за земјоделството и рурален развој.

**Редовен член** е секој член што задоволува одредени критериуми кои ги утврдува организацијата јавно и транспарентно објавени.

Редовните членови имаат право да избираат членови на органите на здружението, да бидат избирани како членови на органите на здружението и да учествуваат во Генералното собрание. Здружението има два типа редовни и придружни членови:

- групни членови се земјоделски здруженија, регионални и национални сојузи, земјоделски задруги или трговски друштва и земјоделски стопанства во земјоделскиот сектор
- индивидуален член би можел да биде секој жител на РМ инволвиран во земјоделството.

**Регионално претставување на НФФ се реализира преку четири регионални инфо точки на Националната федерација на фармери**:

  - Здружението на овоштари „Благоја Котларовски“
  - Земјоделската задруга „ Агро Богданци“
  - Здржението „Јавор “.

## АКТИВНОСТИ , ПРОЕКТИ И ЛОБИРАЊЕ

**Организацијата во 2023 имплементираше околу 100 активности кои влијаат врз:**

- подобрување на опкружувањето за работа на земјоделците (земјоделски стратегии, земјоделска политика, мерки за поддршка во земјоделството итн.),
- зголемување на конкурентноста преку нови производни технологии, маркетинг и менаџмент за земјоделски задруги и мали производители,
- поддршка на најзагрозените категории земјоделци преку модел на фокус-групи,
- информирање и едукација преку единственото македонско списание специјализирано за земјоделство „Моја земја“,
- организирање студиски посети, саемски манифестации, средби меѓу производители и преработувачи,
- онлајн публикување на регионалното земјоделско списание на албански јазик “Toka Ime”,

- поддршка на претприемаштво кај млади и жени фармери и др. Своите активности ги реализира благодарение на поддршката на Сида, We Effect, Radiohjalpen, ЕУ, JICA и во партнерство со мноштво слични организации и институции од земјата и од светот.

## ПРОЕКТИ И ЛОБИРАЊЕ

### Проект „Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија “ (Core Support)

**ПРОЕКТ:** „Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија “ е поддржан од Шведската организација за развој We Effect и се карактеризира со партнерство со висок степен на доверба, континуиран дијалог за стратешки развој, морална и техничка поддршка. Финансирањето се дава за поддршка на севкупниот стратешки план и буџет на НФФ, вклучувајќи ги и нејзините административни трошоци. Тоа е придонес кон сопствената стратегија и целокупната работа на НФФ.

**ЦЕЛ:** Целта на проектот е имплементацијата на НФФ стратегијата за развој која се извршува од 2019 -2023 како и подготовка на новата стратегија за НФФ.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ВО 2023:**

Во текот на 2023 година НФФ реализираше повеќе активности во насока на промоција на **Програма за поддршка на социјалното осигурување на жените ангажирани во земјоделски активности.** На почеток на месец март 2023 во општина Кривогаштани, НФФ заедно со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство учествуваше на трибина на која беше промовирана Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност и поддршките наменети за земјоделките преку програмата за финансиска поддршка за рурален развој 2023 година. Настанот беше организиран во склоп на кампањата „Гласна и храбра“ која ја спроведува Министерството за труд и социјална политика посветувајќи го месец март на менталното здравје и благосостојба на жените како предуслов за родовата еднаквост. НФФ и во 2023 година продолжи активно да го фасилитира процесот за изнаогање на соодветно системско решение за земјоделките и земјоделците кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување да го остварат правото на продилно отсуство и боледување. Во таа насока со подршка на Шведската организација за развој We Effect, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика беше формирана работна група која во 2022 година работеше и благодарение на таа работа во 2023 година за првпат се имплементираше Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност, како пилот мерка која ќе се применува додека не се креира системско решение. Преку програмата, земјоделките имаат право на платен надоместок во случај на спреченост на вршењето на земјоделската дејност поради раѓање. Ова право се однесува на индивидуални регистрирани земјоделки, кои не се опфатени со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи, и се остварува за прв пат, иако проблемот постои повеќе од три децении. Програмата има афирмативен и развоен карактер, а воедно и има заштитни механизми за да не биде злоупотребувана од страна на лица кои не се занимаваат со земјоделство. Ова е привремено решение, или преодно решение до изнаоѓање на трајно решение, функционален механизам за платено породилно отсуство на

индивидуалните регистрирани земјоделки. НФФ во месец август поднесе писмо потпишано од 130 рурални жени до Собранието на РСМ со единствено барање да не се кочи реализацијата на Програмата за социјално осигурување за поддршка на регистрираните индивидуални земјоделки за 2023 година и да не се носат избрани решенија и законски измени кои едноставно се на штета на земјоделките и земјоделците. Наместо да се создаде соодветна можност за жените – индивидуални регистрирани земјоделки, ќе се креира препрека, која институциите нема да можат да ја решат и системски да се реализира.

НФФ активно учествуваше во организирањето на **осум саемски настани** наменети за своите членови оператори со храна. Имено, преку проектот IISEE, НФФ го организираше Саемот на млади фармери во април 2023 година во Градски парк Скопје, на кој учествуваа 14 фармери, од кои 9 жени. Потоа, на 17-ти јуни, во соработка со Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP) и Центарот за климатски промени, НФФ организираше саем во Градски парк Скопје, привлекувајќи 40 жени фармери, учесници на саемот. НФФ активно се вклучи и на саемот „Вкуси ја традицијата“ организиран од Министерството за земјоделство во октомври, како и на саеми за земјоделство на различни локации како Боговиње, Струмица и Крива Паланка, нагласувајќи ја својата посветеност за поттикнување на пазарните врски и соработки.Во декември, со поддршка на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, НФФ беше организатор на саемот „Домашно, природно, вкусно“ во Скопје Сити Мол, на кој учествуваа 50 оператори со храна. На меѓународно поле, НФФ овозможи учеството на четири оператори со храна на престижниот саем АГРА во Горна Радгона, Словенија, во август 2023 година.

НФФ по 16-ти пат го организираше **Меѓународниот ден на руралните жени** на 15 октомври, со присуство на преку 200 учесници пренесувајќи ја пораката дека жените од руралните средини се соочуваат со многу предизвици од социјална исклученост до невработеност и родова дискриминација. На настанот присуствуваа голем број говорници, меѓу кои и претседателот на Северна Македонија, Стево Пендаровски, амбасадорка на Кралството Шведска во РСМ, Ами Ларсон Џеин, амбасадорка на Германија во РСМ, Петра Дрекслер, шеф на кабинет на министерот за труд и социјална политика, Наташа Димеска, регионален директор на Шведската развојна организација We Effect, Анели Лејна, менаџер на проектот„ Поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја на Југоисточна Европа(SEDRA II“), Карин Рау и со видео порака се обрати и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски. Настанот имаше регионална димензија така што се  потпиша Декларација за соработка помеѓу организациите од Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора за промовирање на создавање регионална платформа за соработка за подобрување на економската и социјалната состојба на жените во руралните области.

Националната федерација на фармери (НФФ) учествуваше со своја презентација на **Меѓурегионалната тематска работилница** посветена на Денот на опустинувањето и сушата со посебен фокус на руралните жени и нивното право на сопственост. Работилницата е организирана од страна на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето (UNCCD), Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија. Како продолжение од оваа работилница НФФ учествуваше на 14.11.2023 на регионална

работилница каде што со други организации од регионо ги сподели своите искуства и активности во насока на економско јакнење на руралните жени.

Големиот број активности на полето на родовата еднаквост во руралните средини ја направија НФФ препознатлива во регионот и во земјата. На барање на **американската амбасадорка, Ангела Агилер**, НФФ организираше теренска посета на фарми во скопскиот регион, чии сопственици се жени, а на која присуствуваа амбасадорката Агилер и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство. НФФ подетално ја информираше американскиот амбасадорка за предизвиците на руралните жени и активностите што НФФ ги презема во изминатите 15 години на полето на лобирањето и застапувањето.

Националната федерација на фармери (НФФ) во насока на зајакнување на младинското лидерство преку соработка со ФАО учествуваше на дводневниот **Регионален форум за младата рурална заедница** во Европа, што се одржа во Будимпешта во ноември. Преку организацијата на ФАО, претставниците на НФФ го споделија своето искуство од работата во руралните средини и ги презентираа своите заложби за поддршка на младите да останат во руралните региони.

Во декември 2023 година, Националната федерација на фармери (НФФ) активно учествуваше на **панел дискусијата „Жените во руралните области - развој, зајакнување и запирање на родово базираното насилство“** организирана од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на 16-те дена од активизмот за борба против насилството врз жените. Оваа панел дискусија која се одржа во Неготино беше дел од кампањата „Сложувалка“, каде беа посочени предизвиците на жените во руралните средини, беа презентирани животни приказни на жените од руралните средини кои се соочиле со семејно насилство, како и мерките и програмите на државата наменети за економско зајакнување на руралните жени.

## Проект „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите фармери и производители од руралните области со цел зголемен приход“

**ПРОЕКТ:** Проектот „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите фармери и малите производители на храна од руралните области со цел зголемување на нивните приходи“ е поддржан од Шведска и Шведската организација за развој We Effect. Очекуваните резултати од проектот се следниве: раст на претпријатијата во руралните средини, малите фармери да се зголемат и да обезбедат повеќе приход и можности за вработување во руралните средини, а посебно за жените и младите и зголемен организациски капацитет и финансиска стабилност на НФФ. Фокусот е да се обезбеди организациски развој и финансиска одржливост, за да се продолжат лобирањата и активизмот на организацијата, но и да се развијат нови услуги што ќе обезбедат нови извори на приход.

**ЦЕЛ:** Преку повторно воспоставување и воведување алтернативни пазарни врски за земјоделците, создавање центри за храна и обезбедување економски перспективи за ранливото население, кое ги вклучува жените, младите од

руралните средини, се нудат решенија кои ќе го подобрат живеењето и ќе ги заштитат ранливите категории луѓе сега и во иднина.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2023:**

**Модел на договорно земјоделство**

Воспоставената интервенција за производителите на пченица во Пелагонискиот регион беше насочена да им помогне на земјоделците пристап до пазарот, да го подобри квалитетот и да обезбеди системско решение за натамошното планирано и договорено производство на пченица. Интервенцијата според планираното беше пилотирана во еден од најважните производни региони, Пелагонискиот (горниот дел на Прилеп кон Крушево), со 20 мали земјоделци и вкупна големина на производство од околу 160 хектари.
Со воспоставениот функционален модел на договорно земјоделство, 20 земјоделци (од кои 10 жени) во регионот произвеле пченица со повисок квалитет (иако климатските услови и сезоната на берба на пченицата во 2023 година беше многу лоша и по квалитет и по квантитет).

**Воспоставен модел на училишна шема**

Училишните шеми претставуваат нов модел кој е поттикнат од МЗШВ како механизам кој има за цел да обезбеди земјоделски производи/храна со соодветен квалитет за децата до 18 години и социјално загрозените категории. Воедно, овој механизам овозможува инсталирање на системско решение за откуп и пласман на земјоделски производи кое ќе овозможи одржлив пласман на јаболка за свежа потрошувачка преку организиран настап Интервенцијата е успешно спроведена прв пат во 2022 година кога во рамки на проектот снабдувачот на јаболка за 350 училишта во земјава од 43 мали до средни производители на јаболка беше поддржан со дрвени гајби за пакување на јаболката. Втората серија беше имплементирана во 2023 година кога Владата/МЗШВ ја зголеми поддршката од 20.000.000 МКД на 40.000.000 МКД каде сите градинки и специјални училишта во земјава веќе шест недели се снабдени со разновидно сезонско овошје и 152 мали до средните производители ги испорачаа плодовите.

**Зголемено учество на жените и младите**

Во рамките на спроведените интервенции, особено внимание беше посветено на активното вклучување на жените фармери. Поточно, во интервенцијата со пченица имало 10 жени од вкупно 20 земјоделци. Дополнително, во пилот фазата на училишната шема за дистрибуција на произведени свежи јаболка, беа вклучени 164 фармери, од кои 75 жени. Примарната цел на овие интервенции е активно да се вклучат и младите и жените, поттикнувајќи го нивното зголемено учество во управувањето со фармата и процесите на донесување одлуки. Овој стратешки акцент на вклучувањето на жените во договорното земјоделство и за производство на пченица и за јаболка, не само што ја промовира родовата еднаквост туку и го подобрува економското зајакнување на жените во земјоделството. Со вклучување на жените во одлучувањето и договорното земјоделство, интервенциите имаат за цел да придонесат за севкупната одржливост и успех на земјоделските иницијативи.

**Промоција на оператори со храна**

Во Република Северна Македонија се регистрирани повеќе од 2000 мали оператори со храна, кои претставуваат мали до средни земјоделски домаќинства кои покрај производството се занимаваат и со полупреработувачки, преработувачки активности за додавање вредност на производството и диверзификација на нивните пазарни врски. Проектот го поддржа учеството на два саеми (Градски парк Скопје – октомври 2023 година и Скопје сити мол – декември 2023 година). Овие настани им помогнаа на оператори да ја зголемат својата видливост и раст, помагајќи им да допрат до поголема потрошувачка публика. Оваа зголемена изложеност може да доведе до поголема побарувачка за храна, повеќе клиенти и, следствено, раст на бизнисот. Оваа промоција им овозможи на операторите со храна да се прилагодат на променливите трендови на потрошувачите.

**Во периодот од јануари до јуни 2023 година, Националната федерација на фармери (НФФ) успешно спроведе низа активности во рамките на компонентата за организациски развој:**

**Списание „Мојата земја “, Toka Ime и ажурирањата на веб-страницата**
Во рамките на проектот, беа подготвени три броја на списанието „Моја земја “, со дистрибуција на информации за активностите на НФФ и давање суштински земјоделски совети за земјоделците. Воедно се подготвени и два броја на регионалното on line списание Toka Ime. Истовремено, продолжија напорите за ажурирање на веб-страницата на НФФ со тековни податоци, со акцент на транспарентноста и навремената комуникација во однос на организациските активности и отворените повици.

**Локални инфо точки и СМС систем**
НФФ го одржуваше своето работење преку три локални инфо точки, задругата „Агро Богданци“ од Богданци, локалната НВО „Јавор“ од Зрновци и локалната НВО „Благој Котларовски“ од Ресен. Овие иницијативи имаа за цел да ја подобрат регионалната застапеност и да ја олеснат ефективната комуникација со земјоделците. Дополнително, воспоставениот СМС систем обезбеди навремено информирање на сите членови на НФФ, вклучително и ажурирања за новите апликации од државните програми поврзани со субвенциите и Програмата за рурален развој.

**Саем за млади земјоделци и манифестација „Јуфкијада“**
На 9-ти април, НФФ го организираше првиот саем за млади земјоделци во Градскиот парк во Скопје. Овој настан, дел од активностите на Мрежата на млади фармери, обезбеди платформа за 20 млади фармери да ги покажат и продаваат своите производи, промовирајќи ги нивните напори и поттикнувајќи го претприемачкото земјоделство кај младите. Понатаму, манифестацијата „Јуфкијада“ што се одржа на 27 јуни во Зрновци во соработка со Здружението за рурален развој „Јавор“ ги обедини 100 македонските производителки на традиционална храна, земјоделци и ентузијасти за храна. Настанот имаше за цел да го истакне кулинарското наследство на руралнa Македонија и да го промовира производството на производи со додадена вредност.

**Лобирање и застапување во земјоделството:**

НФФ како социо-економски партнер активно учествуваше во  Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во потсекторските работни групи. Беа дадени предлози за измени во набавката на пченица, со залагање за вклучување на Агенцијата за резерви. Во периодот од март до септември 2023 година, Националната федерација на фармери учествуваше во процесите на донесување на новиот Закон за вино и Стратегијата за вино и грозје и истовремено се залагаше преку овие законски норми за подобрување на економската состојба на земјоделецот преку воспоставување на организиран откуп и пресметка на производната цена.

Дополнително, НФФ имаше улога во координативната група за консолидација на земјоделско земјиште, со цел да се спроведе консолидација во различни региони за заштита на земјоделското земјиште и подобрување на инфраструктурата.

**Настан за Меѓународен ден на руралните жени**

НФФ по 16-ти пат го организираше настанот Меѓународниот ден на руралните жени. На настанот учествуваа 200 рурални жени, членови на НФФ и претставници од различни институции. Дискусиите на настанот се фокусираа на охрабрување на жените да играат клучна улога во обезбедувањето на безбедноста на храната преку одржливоста на руралните домаќинства и земјоделските претпријатија. На настанот присуствуваше и првиот апликант за Програмата за социјално осигурување за индивидуално регистрирани женски фармери, Густе Златкова, која го истакна значењето на програмата за финансиска поддршка во првите девет месеци по породувањето.

Поддршка на пазарните врски за руралното население со акцент на лицата со попреченост, руралните жени и другите ранливи групи

| | |
|---|---|
| **АКТИВНОСТ:** | Проектот „Поддршка на пазарните врски за руралното население со акцент на лицата со почреченост, руралните жени и другите ранливи групи“ е подржан од проект „Поддршка на економската диверзификација на руралните области во Југоисточна Европа“ (SEDRA II), поддржана од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH |
| **ЦЕЛ:** | Целта на проектот е да овозможи создавање на пазарни релации на руралното население, каде што ќе бидат вклучени и лицата со посебни потреби, жените и младите од руралните средини и другите ранливи групи, со цел да им се обезбедат можности за создавање нови или дополнителни работни места, како и можности за зголемување на нивните приходи. Подобрување на функционирањето на on - line платформата www.efarm.mk е дел од проектот и во моментот има 133 профили на земјоделци на платформата кои ги промовираат и продаваат своите производи и кои се квалитетни и одгледувани во еколошки здрава средина. Во рамките на проектот се подржа и реализацијата на регионален состанок на организации од регионот |

(Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора) во насока на креирање на регионална платформ за подобрување на економскиот и социјален статус на жените од руралните средини.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2023:**

**Работилници за зголемување на вештините за создавање економски активности за лицата со попреченост главно поврзани со земјоделско-прехранбениот сектор**

Беа организирани пет еднодневни работилници со локален експерт како дел од проектните активности за поддршка на руралните општини во креирањето буџетски мерки за лицата со попреченост, претставници од 17 рурални општини (Зелениково, Студеничани, Гази Баба, Бутел, Пласница, Македонски Брод, Јагуновце , Чашка, Велес, Лозово, Свети Николе, Струмица, Босилово, Василево, Зрновци, Чешиново – Облешево, Гостивар) во смисла на инклузивно програмирање на општинските мерки, согласно потребите на лицата со попреченост и разгледување на нивниот потенцијал за вклучување во економската активности, главно поврзани со земјоделскиот и прехранбениот сектор. Обуките се одржаа во текот на месец април и мај во Скопје, Велес, Кочани, Струмица и Македонски Брод, на кои присуствуваа претставници од општини, невладини организации, лица со попреченост и претставници од нивните семејства. На 5-те работилници присуствуваа 78 учесници од кои 51 жена, 27 мажи, 27 лица со попреченост од руралните средини и 18 претставници за општините.

**Организација на обука за постбербени технологии**

Беа организирани петте еднодневни работилници посветени на технологиите по бербата. Овие работилници се одржаа во 5 различни локации кои опфаќаат 17 општини: Скопје, Чашка, Гостивар, Штип и Струмица од август до септември 2023 година и на нив учествуваа 104 учесници, од кои 50 жени, 54 мажи и 6 лица со попреченост и 6 претставници од општините. Целта на обуката е едукација за периодот по бербата и со тоа учесниците можеа да го разберат значењето на процесите по самата берба како што се складирањето и транспортирањето на производите, како и можноста за комбинирање на производите, употреба на механизација како и комбинирање на технологии како што се сушење, тип на пакување, дезинфекција итн. На самите обуки беа презентирани и Програмите и правилниците за мали оператори за храна, како и мерки наменети за млади и жени од Програмата за рурален развој на Министерството за земјоделство.

**Организација на обука за промоција и маркетинг**

Маркетингот и промоцијата се од суштинско значење кога станува збор за зголемување на приходите преку подобрени стратегии за промоција и маркетинг. Овие обуки беа наменети за целната група на проектот, односно лицата со попреченост, жените од руралните средини и другите ранливи групи, како и претставници од 17 рурални општини Работилниците се одржаа во јуни во Скопје, Велес, Кочани, Струмица и Македонски Брод во текот на јуни 2023 година, на кои беа вклучени надворешен експерт за пазарни врски и надворешен експерт за промоција и маркетинг. Бројот на учесници на овие работилници беше 106, од кои 68 жени, 38 мажи, 19 лица со попреченост и 2 претставници за општините.

Целта на овие обуки е стекнување на нови вештини и знаења од аспект на маркетинг и промоција на производите, како и создавање пазарни врски со цел нивна продажба.

**Пазарни врски со локалните пазари**

Пред почетокот на работилниците беа организирани 5 теренски посети во 17 општини за лица со попреченост. Целта на овие теренски посети беше да се соберат информации за нивниот производствен капацитет и можноста за проширување, стекнување нови вештини и знаења во однос на маркетингот и промоцијата како и идентификување на предизвиците со кои се соочуваат во производниот процес. Во мај 2023 година беше подготвен прашалник за проценка на можностите и потребите на лицата со попреченост и прашалникот го пополнија 28 лица. Дополнително, беше реализирана обемна петдневна посета на терен, при што беа посетени 30 семејства со лица со попреченост во 17 рурални општини во Република Северна Македонија. Анализата на собраните податоци покажа дека повеќето семејства првенствено произведувале за сопствена потрошувачка и постои значителен потенцијал за нивно проширување на локалниот и онлајн пазарите.

**Учество на саеми**

- НФФ учествуваше на саемот „Вкуси ја традицијата“, организиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Настанот се одржа на 7 октомври 2023 година, а НФФ учествуваше со 25 свои членови (8 мажи и 17 жени, 2 лица со попреченост). Тоа беше одлична можност за земјоделците, но и за оние кои не се директно вклучени во некој вид земјоделство, да се претстават пред поширок опсег на клиенти, посетители и медиуми. НФФ и нејзините членови имаа успешно учество на овој саем.
- На 21 октомври 2023 година во Струмица се одржа саемот за храна и механизација. Тоа беше настан организиран од организација АгроПроФармер од Струмица на кој што НФФ учествуваше со 10 свои членови (4 мажи и 6 жени, 1 лице со попреченост).
- Последниот саем кој се одржа на 16 декември 2023 година беше целосно организиран од страна на НФФ под насловот „Домашна, природна, вкусна“. Саемот се одржа во затворен простор во рамките на Скопје Сити Мол. На овој настан учествуваа 22 членови на НФФ (13 мажи и 19 жени) и лица со попреченостиод рурални средини со свои производи како мед и пчелни производи, јаболка, природна козметика, преработена храна, зимска храна итн. огромен успех, и со оглед на продажбата и промоцијата на производите. Во рамките на овој саем беше организирана работилница со наслов „Ние, лицата со попреченост имаме право на еднаквост и пристап до сите услуги и можности“ која имаше за цел подигање на свеста за предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост и промовција на нивните права и нивната состојба пошироко во општеството.

**Ажурирање, надградба и промоција на платформата Е-Фарм ([www.efarm.mk](www.efarm.mk))**

Платформата Е-Фарм (https://efarm.mk/) е визуелно надградена и ажурирана со нови промотивни приказни, видеа и редовно се одржува. Овие подобрувања имаат за цел да ја зајакнат онлајн промоцијата и да ја зголемат директната продажба на производите произведени од малите фармери.

**Подготовка и објава на Прирачник за најдобри практики**

Врз основа на организираната работилница од избраните експерти и добиените заклучоци, НФФ го подготви и објави Прирачникот за најдобри практики кој содржи совети и препораки кои ќе им помогнат на општините, лицата со посебни потреби, руралните жени, младите и другите ранливи групи од руралните средини да го зголемат производството и да го пласираат вишокот на локалните пазари и на купувачите. Практиките прикажани во прирачникот произлегуваат од наодите од спроведените проектни активности наменети за земјоделски производители, од кои повеќето вклучуваат семејства со лица со попреченост, жени со попреченост, жени и млади од руралните средини.

**Организација на регионалниот настан „Меѓународен ден на руралните жени“**

На 15 октомври, Националната федерација на фармери (НФФ) по шеснаесетти пат го организираше Меѓународниот ден на руралните жени. Овој настан имаше регионален карактер така што беше потпишана Декларација за соработка помеѓу организации од Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора за воспоставување на регионална платформа за соработка за подобрување на економската и социјалната состојба на руралните жени. На 14 и 15 октомври 2023 година, од страна на НФФ беа организирани два регионални состаноци  со седум организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија на кои се разговараше на воспоставување на регионалната платформа на рурални жени. Врз основа на дискусијата и интересот што го покажаа сите организации, беше потпишана Декларација како заложба за понатамошни напори за воспоставување на платформата.

## Проект „ Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*“

**ПРОЕКТ:** „Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*“ е поддржан од регионалните проекти „Социјално вклучување на ранливи групи во Западен Балкан“ и „Поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја во Југоисточна Европа“ спроведени од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

**ЦЕЛ:** Да се допринесе за подобрување на социоекономскиот статус на руралните жени во Северна Македонија, преку ProfillPASS методологија преку која се идентификуваат вештините за генерирање на приходи и претприемачкиот потенцијал. Преку проектните активности се овозможува руралните жени да стекнат или ги осознаат  вештини и компетенции согласно со потребите на локалниот пазар на труд или со неопходната поддршка и ресурси за започнување на сопствен бизнис. ProfilPASS е методологија која и овозможува на секоја личност да ги процени своите вештини и компетенции стекнати во текот на животот

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ВО 2023:**

Во текот на месец ноември и декември во рамките на проектот е организирана обука на 12 советнички и советници, членови на Националната Федерација на Фармери, за алатката „ProfilPASS за жени – Ние можеме!“. Обуката ја држеа сертифицирани обучувачи за ProfillPASS од Центарот за доживотно учење. По успешно завршената обуката, советниците добија поддршка практично да ја спроведат методологијата на терен со 36 рурални жени.

Работејќи на терен, советниците ќе го зајакнат своето знаење и способности да ја спроведуваат алатката во рамки на Федерацијата. ProfilPASS е методологија која и овозможува на секоја личност да ги процени своите вештини и компетенции стекнати во текот на животот. ProfilPASS вклучува портфолио (работна тетратка) која се користи во процес воден од обучен советник. Таа им помага на советуваните лица да се охрабрат, мотивираат и да ја осознаат нивната сопствена вредност и способности и ја поддржува нивната (ре)интеграција во образование и/или на пазарот на труд.

## Проект „Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг “

**ПРОЕКТ:** Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг е поддржан од страна на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), а се реализира преку Националната федерација на фармери.

**ЦЕЛ:** Основната цел на овој проект е поставување на модел за Едно село - Еден производ во село Тимјаник во Неготино преку производот маџун. Во позадината на оваа цел е идејата за промовирање на принципите и стратегијата на OVOP (Едно село - Еден производ) преку еден локален производ, конкретно преку маџунот, врз основа на акциски план на учесник од НФФ за воспоставување на оваа методологија во рурална заедници на нашата држава. Имплементацијата треба да доведе до натамошна стандардизација и брендирање, како и поставување на промоција на обемот на целото село и дополнително препознавање на Тимјаник како село производител на маџун.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2023:**

Националната федерација на фармери (НФФ) во месец октомври ја организираше првата инфо работилница која се одржа во Неготино, каде што беше претставен моделот “Едно село – Еден производ,” кој се пилотира и го опфаќа неготинското село Тимјаник за производство на маџун. Соработката помеѓу НФФ и JICA произлегува од обука на нашиот тим од НФФ, каде се учевме за методот “Едно село – Еден производ.” Оваа метода првпат се имплементира во нашата држава преку нашата пилот иницијатива за производство на маџун во село Тимјаник и има за цел да се имплементира и во други региони за различни производи.Сите активности се спроведуваат во соработка со општината Неготино и локалното здружение “Шира,” чии членки се рурални жени кои се посветени на производството на овој вкусен производ.

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ:**

**Со цел професијата фармер да стане препознатлива, неопходно е да се унапреди економскиот и социјалниот статус на жените и мажите фармери.** Во таа насока, Националната федерација на фармери заедно со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период работеа заедно на изнаоѓање соодветно системско решение со кое

жените и мажите земјоделци кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување ќе можат да го остварат правото на породилно отсуство и боледување. Со поддршка на шведската организација за развој WeEffect, беше формирана работна група која работеше во текот на 2022 година, и благодарениа на таа работа во 2023 година за прв пат се реализираше Програмата за поддршка на социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година како пилот мерка која ќе се применува до создавање на системско решение. Преку програмата, земјоделките имаат право на платен надоместок во случај на неможност за вршење земјоделска дејност поради породување. Ова право се однесува на поединечни регистрирани земјоделки, кои не се опфатени со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи. Оваа програма се реализира за прв пат, иако проблемот постои повеќе од три децении. Програмата има афирмативен и развоен карактер, а воедно има и заштитни механизми за спречување на злоупотреба од страна на лица кои не се занимаваат со земјоделство. Програмата обезбедува еднократна финансиска поддршка од 81.000 денари. Оваа помош е наменета за жени кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување и плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување, односно здравствено и пензиско инвалидско осигурување каде основицата се пресметува на 20% од просечниот месечен плата по вработен и не може да остварува платено породилно отсуство. Програмата е привремено решение, или преодно решение до изнаоѓање трајно решение, функционален механизам за платено породилно отсуство за индивидуални регистрирани фармерки.

**Националната федерација на фармери, во периодот од март до септември 2023 година, учествуваше во процесите на донесување на новиот Закон за вино и Стратегијата за вино и грозје**. Истовремено преку овие законски норми се залагаше за подобрување на економската состојба на земјоделецот преку воспоставување на организиран откуп и пресметка на производната цена. НФФ преку своите процеси на лобирање објасни дека е важно да се утврди производната цена на грозјето до 15 јули во тековната година и тоа за најмалку две најзастапени сорти. Пресметката на трошоците за производство на еден килограм винско грозје на одредена површина и со соодветен квалитет, по дадена методологија, е предвидено да ја врши високообразовна или научна установа од областа на земјоделството. Врз основа на производната цена на грозјето ќе се дефинира откупната цена, односно да не биде пониска од производната цена на грозјето. Оваа иницијатива беше прифатена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и беа направени измени на Законот за вино и во исто време стана стратешка цел во Новата стратегија за вино и грозје. Всушност, ваквата заложба на НФФ е и во другите земјоделски сектори да се воведе праксата, едноставно да се пресмета производната цена и на тој начин да се отстранат манипулациите во делот на откупните цени.

**„Школска шема “е нов систем создаден од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Националната федерација на фармери преку пилот интервенција „Пилот проект за училишна шема - Јаболка “кој е дел од проектот „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите земјоделци и производителите од руралните области со цел зголемен приход “, што е поддржано од Шведска преку Шведската организација за развој We Effect.** Училишната

шема е нов модел кој има за цел да обезбеди земјоделски производи/храна со соодветен квалитет за деца до 18 години и социјално загрозени категории. Воедно, овој механизам овозможува воспоставување на системско решение за откуп и пласман на земјоделски производи од групи производители кои ќе ги исполнуваат стандардите за квалитет, и пакување и ќе обезбедат соодветна дистрибуција до крајните корисници. Преку проектот IISEE, беа идентификувани клучните предизвици со кои се соочуваат производителите на свежо овошје. Со интервенција во рамките на овој проект, во 2023 година беше направена одржливост на воспоставените механизми за училишната шема и во 2024 година беше направено ново законско решение за групите производители, кое треба да прерасне во системско решение. Со оваа интервенција, преку имплементација на Програмата за поддршка на откупот на свежо овошје, зеленчук, млеко и млечни производи, која првпат започна во 2022 година, поддржан е откупот на домашни земјоделски производи - свежи јаболка, но и обезбедена е здрава ужина за учениците во основните училишта. Преку оваа програма и спроведената пилот интервенција (школската шема за свежи јаболка), беа поделени 743.000 килограми јаболка на 186.000 ученици од 350 основни училишта. Со имплементацијата на оваа пилот училишна шема, НФФ успеа да поттикне поголем дел од откупот на јаболка да го прават малите фармери од Преспанскиот регион или од вкупно 43 семејни фарми, што е еквивалентно на 164 земјоделци, со фокус на младите и жените (повеќе од 30%), по цена за 20% повисока од пазарната. Во 2023 година од државниот буџет беа обезбедени повеќе средства за Програмата за поддршка на откупот на свежо овошје, зеленчук, млеко и млечни производи и изнесуваа 40 милиони денари, така што освен јаболката, целото овошје произведено во земјава беше откупено, а овошјето е наменето за деца од предучилишна возраст, при што се откупуваат 880.000 килограми свежи домашни јаболка, сливи, праски, круши, кајсии и се опфатени 38.000 деца од градинките, за што е предвидено еднаш неделно секое дете добива по 1 килограм здрав оброк. Ваквата активност е мотивација на НФФ која во 2024 година ќе работи на промоција и едукација за формирање на економски форми на здружување, како што се групи на производители.

**НФФ активно учествуваше во креирањето на новиот Законот за советодавни услуги во земјоделството и руралниот развој кој на предлог на Влада е усвоен од страна на парламентот на РСМ во декември 2024.** Со ова законско решение се овозможува професионализација на советодавните услуги и воспоставуваме систем преку кој на земјоделците ќе им се доближат искуствата и знаењето за најновите практики и технологии во производството, кои директно треба да влијаат да имаме одржливо и конкурентно производство, по европски терк. Посебно важна цел на ова законско решение е структурално и организационо подобрување на постоечкиот советодавен концепт во Република Северна Македонија. Пропишувајќи ги видовите и типовите на советници, програмите и видот на обуките низ кои треба да поминат, условите кои ќе треба да ги исполнат за да бидат регистрирани потенцијалните даватели на советодавни услуги ќе се постигне поголема конкурентност, подобар квалитет и зајакнување на капацитетите на давателите на советодавни услуги.

## ДРУГИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

Претставници на Националната федерација на фармери реализира среда со претседателот на РСМ, Стево Пендаровски на која што разговараме за предизвиците и проблемите со кои се соочуваат младите во руралните средини. На средбата НФФ ги презентираше приоритетите на Националната федерација на фармери во чиј фокус, покрај земјоделството, е руралниот развој што опфаќа справување со предизвиците со кои се соочува руралното население, како што се сиромаштијата и ограничените пристапи до здравствени услуги, едукација, право и моќ на одлучување.

Националната федерација на фармери учествуваше на панел дискусијата „Жени од руралните средини го движат регионот", кој беше дел од регионалната конференција „Предизвици со кои се соочуваат жените и девојчињата во регионот на патот кон ЕУ" - Гласно и храбро ги поместуваме границите, која ја организира Министерството за труд и социјална политика.Во панел дискусијата за руралните жени се обратија Васка Мојсовска претседателка на НФФ, Анели Леина, регионална директорка на Шведската организација за развој We Effect  за регионот Европа, Дрита Абдиу Халили , државната секретарка на Секретаријатот за европски прашања, Васе Бошкова, раководителката на сектор за земјоделие од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Магбуле Хисени, ЕКОКОСWOMEN од Косово.

Во текот на месец септември НФФ во соработка со регионалната канцеларија на We Effect за регионот Европа ја организираше посета на бордот на директори и комитетот за избори на Шведската организација за развој на We Effect. Во рамките на самата посета претставниците на We Effect имаа средба со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски и министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска каде што директно беа запознаени со активностите кои Националната федерација на фармери ги реализира со двете министерства, како социо економски партнер на двете институции и со кои е потпишана Декларација за подобрување на економскиот и социјален статус на жените од руралните средини. На самата средба во Министерството за земјоделство се разговараше за заедничките резултати кои се постигнати помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика и НФФ, а се подржани од страна на We Effect. Значајни резултати се постигнати во насока на подобрување на економскиот и социјален статус на руралните жени преку финансиската поддршка за развој на нивните претприемачки вештини и отстранување на дискриминаторните критериуми за апликацирање. Во заедничката соработка постигнат е сериозен напредок, така што по 30 години за првпат регистрираните земјоделки имаат право на користење на мајчинство за време на периодот од девет месеци додека се грижат за своите новороденчиња. Воспоставување на системско решение на школкси шеми преку Програма за откуп на свежо овошје и зеленчук, така што во училиштата и градинките децата добиваат свежа ужинка од различни видови на овошје кое е произведено во Македонија. За време на посетата претставниците на We Effect преку теренска посета се запознаа директно со активностите на НФФ. Првата посета беше со Иван Нацевски кој има своја фарма со кози и преку подршка од проектот „From Disability to FoodAbility "ја унапреди својата фарма со тоа што од 15 кози сега има 60 кози и млекото го дава во локална млекарници. Следната дестинација е овчарската фарма на Вангелина Пармачка која заедно со своето семејство одгледуваат 600 овци и произведуваат сирење. На самата средба присуствуваше и претседателката на НФФ, Васка Мојсовска која го презентира работењето на НФФ и воедно истакна дека преку

нивната поддршка се овозможи јакнење на гласот на земјоделците и земјоделките во насока на подобрување на нивниот економски и социјален статус.

На семејната фарма “Аја Фарм” во Боговиње на почетокот на октомври се организираше мини саем на кого беа претставени вкусните македонски производи произведени од руралните жени и младите земјоделци пред германскиот министер за земјоделство и храна Cem Özdemir кој ја посети нашата држава на покана на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски.Саемот беше организиран од МЗШВ, Slow Food Macedonia и Национална федерација на фармери.

На покана на  Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, НФФ со своја презентација учествуваше на панел дискусија на тема „ Важноста од воспоставување и одржување на специјализираните сервиси за помош, поддршка на жени жртви на насилство”. Оваа активност беше поддржана од Француската амбасада Ambassade de France à Skopje и Фондацијата Квина тил Квина. На оваа панел дискусија се разговараше за родовиот јаз во платите, моделот на сеопфатното сексуално образование, женската сиромаштија и предизвиците на жените од руралните средини како аспекти на родовата еднаквост.

## МЕДИУМИ

Во текот на 2023 година, НФФ имаше 200 медиумски објави и сите активности беа споделени на социјалните медиуми и веб-страницата на НФФ, овозможувајќи висока видливост и транспарентност. Опсегот на посети на НФФ Facebook страната достигна и до 15.000 посети месечно. Одржани се две прес конференции за време на Генралното Собрание на НФФ во април 2023 и завршната пресконференција на УО на НФФ во декември 2024 каде што беше презентиран генералениот став на НФФ за земјоделството и руралниот развој во 2023 и предизвиците на кои треба да се работи во 2024 година.  Во рамките на проектите е изработен и запис за Меѓународниот ден на руралната жена. Во исто време, во текот на годината, се објавија три броја од списанието „Моја земја“, со цел едукација и информирање на земјоделците за новините во земјоделството, како и два броја од регионалното списание „Тока име“, кое излегува на албански јазик и е наменето за Македонија, Албанија и Косово.

**НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ**

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ *во МКД*

**период 01.01-31.12.2023**

| | | |
|---|---|---|
| | | **2023** |
| **1** | **Приходи (вкупно)** | **12.140.150.00** |
| 1.1. | Приходи од проекти | 11,106,176.00 |
| 1.2. | Приходи од членство и услуги | 124,500.00 |
| 1.3. | Пренос на приходи за тековни активности од претходната година | 909,474.00 |
| **2** | **Расходи (вкупно)** | **10,504,453.00** |
| 2.1. | Трошоци за кирија | 296,640,00 |
| 2.2. | Режиски трошоци (струја, вода, парно, одржување, телефон) | 666.035.00 |
| 2.3. | Канцелариски трошоци (материјал и опрема) | 52,097.00 |
| 2.4. | Патни трошоци | 508,384.00 |
| 2.5. | Социјални трансфери и персонален данок | 1,395,077.00 |
| 2.6. | Ангажирани лица | 3,110,458.00 |
| 2.7. | Даноци, провизии и амортизација | 423,631.00 |
| 2.8. | Активности | 4,052,131.00 |

Национална федерација на фармери
Улица „Пролет 10/1-1“Скопје
е-пошта: nff@nff.org.mk